РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр. 11-479/13
04.12 2024 год.
КАВАДАРЦИ

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот докумет | УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН, СО ПОЕДИНЕЧНА КЛАСА НА НАМЕНА А4.3 - ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ, НА КП 7244, М.В. БЕЛИТЕ КАМЕЊА, КО КАВАДАРЦИ ВОН ГРАД, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Кавадарци |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Градоначалник на Општина Кавадарци |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | м-р.инж.арх.Дијана Јовановска |
| Назив на работното место | Советник во Одделение за урбанизам |
| Контакт податоци за лицето | 076558829 |

| **Основни податоци за планскиот документ** | | | |
|---|---|---|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24) и Правилник за урбанистичко планирање Сл. весник на РМ, бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23) | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| Да☒<br>Не☐ | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| Не се врши измена, не постои важечка планска документација | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| Да, просторно и урбанистичко планирање | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) | | | |
| Да☒<br>Не☐ | Член: 3 | Точка: 13 | Алинеја: |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| Не | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | | |
| Не | | | |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. | | | |
| Цел на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, со поединечна класа на намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 7244, м.в. Белите камења, КО Кавадарци вон град, општина Кавадарци, е оформување на градежна парцела од една катастарска парцела - КП 7244, КО Кавадарци вон град, со влез од општински пат со кој проектниот опфат тангира на јужната страна, со сите потребни параметри за нејзина реализација и усогласување со Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.32/2020, 111/2023, 171/24), Законот за урбано зеленило (Службен весник на Република Македонија бр 11/18), како и Правилникот за урбанистичко планирање, (Службен весник на РСМ бр 225/20, 219/21, 104/22, 99/23) | | | |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) | | | |
| Просторно и урбанистичко планирање | | | |
| Периодот за донесување на планскиот документ. | | | |
| Пет години | | | |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? | | | |
| По истекот на пропишаниот плански период | | | |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се | | | |

| |
|---|
| прикачи мапа) |
| Предметниот проектен опфат за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, со поединечна класа на намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 7244, м.в. Белите камења, КО Кавадарци вон град, општина Кавадарци, според добиените податоци од општина Кавадарци не влегува во плански опфат на донесен урбанистички план или друг вид на урбанистичко планска документација. Главна основа за планирање на просторот за проектниот опфат претставува Просторниот план на РМ, односно Решението за условите за планирање на просторот УП 1-15 966/2024 од 20.05.2024 издадени од Министерството за животна средина и просторно планирање, Условите за планирање на просторот со технички број Y12224 од 05/2024 изработени од Агенцијата за планирање на просторот. Проектниот опфат не тангира од ниедна страна со урбанистички план или друг вид на урбанистичко планска документација. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☐<br>Не ☒ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☐<br>Не ☒ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива има за цел да ги идентификува можните проблеби, да ги разионализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од „пасивниот“ пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на на производителите, давачите на услуги и општеството во целост. Можни закани по животната средина на просторот со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување, КО Кавадарци вон град, Општина Кавадарци се нарушување на квалитетот на воздухот, водите и почвата како резултат на емисија на загадувачки материи, зголемени нивоа на бучава и вибрации и несоодветно управување со отпадот. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување, КО Кавадарци вон град, Општина Кавадарци, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа. Мерки за заштита на животната средина кои треба да се превземат со цен да се обезбеди одржлив развој на анализираното подрачје со минимално негативно лијание врз медиумите и областите во животната средина. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влјанијата; | Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементацијата на овој Урбанистички проект, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Изградбата на предвидените содржини на предметната локација ќе има кумулативно влијание врз животната средина, кое пред се ќе се огледа на штетното влијание врз амбиенталниот воздух, поради зголеменета фреквенција на возила, како и во зголемувањето на количеството на создаден отпад (комунален), во фазата на градба на планираните објекти.<br>Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Од овој проект не се очекуваат прекугранични влијанија. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и | Нема опасност од ризици врз здравјето на луѓето или |

| | |
|---|---|
| животната средина (пр. како резултат на несреќи); | животната средина како резултат на несреќи и хаварии Сообраќајниот систем во локалитетот овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила. Сообраќајницата и пристапот се така планирани да овозможува несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Сите објекти ќе се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила. Планирањето и изработката на техничката документација е во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04 и 86/08). |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Проектниот опфат се наоѓа надвор од населено место, во непосредна близина на град Кавадарци, на западната страна, на северната страна од стариот макадамски пат Кавадарци – Прилеп, на надморска височина од околу 352 м. Цел на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 7244, м.в. Белите камења, КО Кавадарци вон град, општина Кавадарци, е оформување на градежна парцела од една катастарска парцела - КП 7244, КО Кавадарци вон град, со влез од макадамски пат – стар пат за Прилеп, со кој проектниот опфат тангира на јужната страна, со сите потребни параметри за нејзина реализација и усогласување со Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.32/2020, 111/2023, 171/24), Законот за урбано зеленило (Службен весник на Република Македонија бр 11/18), како и Правилникот за урбанистичко планирање, (Службен весник на РСМ бр 225/20, 219/21, 104/22, 99/23) Граници на планскиот опфат се: на север – КП 7243, КО Кавадарци вон град на исток – КП 7245, КО Кавадарци вон град на југ - КП 9631/1, стар пат за Прилеп на запад – КП 7242, КО Кавадарци вон град површина на планскиот опфат изнесува 0,1722 ха. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Според економската структура, фазата од развојот во која се наоќа економијата, степенот на расположливоста на фактортите, економските состојби и економската позиција на Државата во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со други развојни фактори. Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградба на далекуводи, гасоводи итн., со што | |

| | |
|---|---|
| ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во регионот и интегрален просторен развој на Државата. Реализацијата на документацијата со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување, КО Кавадарци вон град, Општина Кавадарци, ќе биде во функција на поттикнување на развојот на туристичките активности и согласно определбите од Просторниот план на Република Македонија треба да базира на законитостите на пазарната економија и примена на реленантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија врз животната средина. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>При изработката на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасната контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба. | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | На предметната локација не е евидентирано културно наследство. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| Интензивна употреба на земјиштето | При увидот на лице место, согледано е дека просторот е градежно неизграден и треба програмски да се осмисли и испланира за реалните потреби.<br>Во рамките на планскиот опфат просторот е ангажиран за инфраструктури /површински соларни и фотоволтаични панели - за поставување на фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште и трафостаница/ |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Нема |
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Предметниот проектен опфат за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, со поединечна класа на намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 7244, м.в. Белите камења, КО Кавадарци вон град, општина Кавадарци, според добиените податоци од општина Кавадарци не влегува во плански опфат на донесен урбанистички план или друг вид на урбанистичко планска документација. Главна основа за планирање на просторот за проектниот опфат претставува Просторниот план на РМ, односно Решението за условите за планирање на просторот УП 1-15 966/2024 од 20.05.2024 издадени од Министерството за животна средина и просторно планирање, Условите за планирање на просторот со технички број Y12224 од 05/2024 изработени од Агенцијата за планирање на просторот.<br>Проектниот опфат не тангира од ниедна страна со урбанистички план или друг вид на | |

| |
|---|
| урбанистичко планска документација. |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Не се очекува предвидените објекти за градење да имаат негативно влијание врз околните објекти, доколку се спроведат сите мерки кои ќе бидат предвидени во планската документација и Извештајот за Стратегиската оцена врз животната средина да влијаат негативно врз објектите кои се планирани да се градат во рамките на овој плански опфат. |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целина, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина засновано врз принципите на одржлив развој. Заштитата на животната средина како темелна вредност на Уставот на Р.М. (член 8) е регулирана со Законот за животна средина (Сл.в. на Р.М. бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08, бр.83/09, бр.48/10, бр.124/10 и бр51/11). Основна цел на Законот за животна средина е зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина; заштита на животот и на здравјето на луѓето; заштита на биолошката разновидност; рационално и одржливо користење на природните богатства и спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и глобалните проблеми на животната средина.Мерки за ублажување (митигација) на климатските промени подразбираат активности кои ќе придонесат во намалување на емисиите на стакленички гасови кои потекнуваат најмногу од човечките активности, а тоа е согорувањето на фосилните горива, како за добивање на електрична така и за топлинска енергија, сечењето на шумите кои се единствениот извор на кислород. На светско ниво се донесени повеќе протоколи, студии, стратегии, директиви како од Обединетите нации преку Монтреалскиот и Кјото протоколот, КОП конференциите и глобалните договори за ограничувањето на емисијата на стакленички гасови, исто така, и за гасовите кои го уништуваат озонот, а тоа се јагленофлуоровододи, најчесто од употребата во ладилната техника. Македонија како потписничка на овие договори е обврзана истите да ги спроведува. Обновливите извори на енергија се начин на решавање на климатскиите промени, а во исто време и начин за намалување на загадувањето на човековата околина. Во обновливите извори на енергија спаѓаат: сончевата енергија, енергијата од ветерот, биомасата, биоенергијата, геотермалната енергија, хидроенергијата, морските бранови и струи, плима и осека. Најеколошка енергија е сончевата енергија и е далеку поголема во однос на сите други видови на обновливи енергии заедно. Таа е најобилен, неисцрпен, бесплатен и обновлив извор |

| |
|---|
| на енергија, која не ја загадува околината. Вкупната енергија што доаѓа кон Земјата (1.73·1017 W) односно 1.5·1021 Wh/god. Оваа енергија е околу 8 000 пати поголема од вкупните потреби за енергија на земјата или за еден час од сонцето пристигнува енергија која ги задоволува вкупните потреби за енергија на земјата. Уредите во кои се врши апсорбирање и трансформирање на сончевото зрачење во топлина или електрична енергија, се нарекуваат сончеви термални колектори или фотоволтаични панели. Р.С. Македонија спаѓа во регионите со најповолни климатски услови за искористување на сончевата енергија со потенцијал од 2000 до 2400 сончеви часа за цела година. Ова овозможува широк спектар на употреба на овој вид на енергија. Вкупниот потенцијал на сончева енергија во Македонија се проценува на околу 10 GWh годишно или 1500 kWh/m² - максимална вредност на сончевото зрачење. |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Од еколошки аспект, значајни се следните влијанија кои може да бидат предизвикани врз животната средина:<br>- зголемување на нивото на загадување на воздухот (предизвикано од издувните гасови на возилата кои ќе сообраќаат во текот на изградбата на објектите во опфатот);<br>- зголемување на нивото на бучава (предизвикано од градежните активности, како и од сообраќањето на возилата во фаза на експлоатација); |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Бидејќи се работи за локација, за која не постои урбанистички план, т.е. истата е лоцирана во  просторен план, планскиот опфат се однесува само на предметната локација и нема претходна документација на која би можела да влијае |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Потенцијалните влијанија од предметниот плански документ не биле предмет на оцена во поранешната фаза на донесување на други плански документи |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Пред изградба на поединечните проекти/објекти, кои влегуваат во состав на Урбанистичкиот проект ќе се оцени потребата од изработка на Студија за оцена на влијание на објектите врз животната средина/ Елаборат за заштита на животната |

| | |
|---|---|
| средина. | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник<br>д-р Митко Јанчев |
| Датум<br>Место | М.П. |